**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1831/2
20.03.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1831/1 од 20.03.2025 година, поднесено од барателo[redacted] со адреса на у[redacted]је преку лицет[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**I.** Барањето со бр. 26-1831/2 од 03.03.2025 година, поднесено од барателот [redacted]со кое се бара информации од јавен карактер:

- „Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот и земјоделско земјиште, во електронска форма на меил, **СЕ УСВОЈУВА.**

**II.** Имателот на информации од јавен карактер Општина Велес го известува барателот дека Општина Велес согласно со својата евиденција во прилог на ова Решение му ги доставува бараните информации од јавен карактер и тоа:

- Одлука за утврдување на пазарна вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2025 година донесена од Советот на Општина Велес под број 25-5208/6 од 27.12.2024 година;
- Одлука за определување на критериумите за утврдување а пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта , ливади на територијата на Општина Велес за 2025 година донесена од Советот на Општина Велес под број 25-5208/7 од 27.12.2024 година и дополнително Ви ја доставуваме
- Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот, донесена од Советот на Општина Велес под број 25-5208/8 од 27.12.2024 година.

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

## Образложение

Барателот [redacted] лицето [redacted] Општина Велес поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1831/1 од 20.03.2025 година, со кое побара да му се достават информации од јавен карактер и тоа: „Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот и земјоделско земјиште, во електронска форма на меил.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер во законски определениот рок согласно член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), и констатираа дека барањето се однесува на информации од јавен карактер со кои располага Општина Велес, па одлучија како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*